**АГТИС**
**А**социјација за **Г**раѓанска **Т**олеранција **И** **С**оработка
Пиринска - 62 7500 Прилеп
048 432 432; 075 288 636
agtis@t-home.mk

**АСТАС**
**A**ssociation for **C**itizen's **T**olerance **A**nd **C**ooperation
Pirinska - 62 7500 Prilep
++ 389 (0)48 432 432; (0)75 288 636
actac@t-home.mk

www.agtis.org.mk

# АНКЕТА

## За истражување на ставовите на граѓаните во регионот Пелагонија за

приоритетите, знаењата, довербата и важноста на понудите на политичките партии на локално ниво

## Критичка анализа на резултатите

Оваа анкета е дел од проектот на АГТИС, МКЦ и 7 партнерски организации, со наслов "Градоначалникот не е златна рипка", кој е финансиски поддржан од НЕД, чија **цел** е да ја подобри структуираната и точна информираност на граѓаните за понудите на партиите и кандидатите за градоначалници. Под ова мислиме на **демистификација на содржините** на понудите, за кои мислиме дека се полни со спинувани, неточни, полуточни, заведувачки и мистифицирани содржини, а кои имаат за цел **да го отапат фокусот на гласачот и неговиот капацитет за проценка на базираноста, визионерската нота и капацитетот на програмите**. Партиите своите програми ги базирале на некои свои истражувачки сознанија, на нивото за восприемање и проценка на програмите, како и на степенот на граѓанско знаење за надлежностите и можностите на локалните самоуправи.

**Конкретно**, во анкетата граѓаните се прашани за нивните мислења во врска со приоритетите, нивото на запознаеност, довербата и важноста на понудите на политичките партии на локално ниво, во врска со локалните избори 2013 година. **Основно истражувачко прашање** е дали граѓаните им веруваат на програмите на политичките партии или нив ги сметаат за нешто номинално, кое се прави како (веќе) фолклорен елемент на самите избори.

Со тоа, анкетата има **намена** да и го предочи на јавноста и на политичките партии:

1. **нивото на јавна доверба** во политичките понуди и нивната реалност, вистинитост и меритокритичен капацитет (предвидување на развојот)
2. степенот на инволвираност на граѓаните во самото **утврдување на партиските приоритети**
3. **нивото на интерес** на граѓаните за нивните понуди и **степенот на сериозност** во нивното разбирање на самиот факт и ритуал на политичка понуда, во замена за власт
4. изворите на информирање на граѓаните, во врска со партиските програми
5. **нивото на знаење** за надлежностите на општините (чл. 22 од Законот за локална самоуправа), за правилно да проценат дали ветувањата се во склад со надлежностите на општините.

## Технички податоци за анкетата

Истражувањето е спроведено од 28.02.2013 до 06.03.2013 година со примерок 944 граѓани (4 промили од целокупното население – по пописот од 2002 година), во 9 општини во Пелагонија , без запазување на етничката и полова репрезентативност. Изборот на анкетираните беше случаен ("In random order" ili "Walk Random"), со прашалник со мени и еден наративен одговор.
Креирана е и **контролна анкета** (10 % од примерокот) за истражување на можноста за грешки.

**Претпоставен степен на доверба:** (95 %), со проценета **прецизност на мерење**: ± 5

**Локации, пристап и прифаќање:**

| | Пристапи | | Неважечки | | Важечки | | Одбиено анкетирање | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **9 општини** | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % |
| **ВКУПНО** | **1224** | **100** | **31** | **2,53** | **944** | **77** | **249** | **20,32** |

Во рамките на аваа анкета пристапено е 1224 пати, а добиени се одговори во 975 пати. Како важечки беа земени 944 анкети, што е 77 % од бројот на пристапувања.

Анкетата покажа **висок степен на прифаќање** на анкетирање (да ги анкетираат одбиле само 20,3% граѓани). Тоа е мошне визок степен на прифаќање во споредба со минатите години.

**Спрема полова структура** биле анкетирани 606 мажи (64,3%) и 336 жени (35,7%).

**Спрема етничка припаданост** Македонци биле 81,4%, а други етникуми 18,6%.

**Анализа на анкетни резултати**

**Генерални наоди:**

*Граѓаните повеќе од порано ги знаат надлежностите на општините, но сепак процентуално - недоволно. Исто така, тие не се сигурни во своите знаења за надлежностите на ЛС.*

*Граѓаните генерално не им веруваат на програмите на партиите и мислат дека партиските и личните интереси се основа за креирањето партиски програми.*

*Најголем дел граѓани мислат дека партиите не ги занима мислењето на граѓаните, а средбите се користат за политичка агитација.*

**1. Првиот дел** од анкетата се однесува на прашањето дали граѓаните **биле прашани** од партиите за одредување приоритети, како и на изворите на информирање на граѓаните. Така, 33 % испитаници одговориле дека се **контактирани од партиите**. Од градските средини, најмалку се контактирани граѓаните на Битола (18%), додека Прилеп (30%), Ресен (32%), Крушево (32,5%) имаат слична распореденост на контактираните.

**2.** На разни средби чуле за понудите 41,8% испитаници а 58,2% не биле на такви средби. Најмногу се среќавале во Кривогаштани (скоро 88%), Новаци (60%) и Могила (60%), Додека во градовите тој процент се движи околу 50 %, но во Прилеп е 35% и во Битола 28,6 %.
Во просек, повторно најмногу граѓаните се контактирани од политичките парии за јавни средби (27%), додека во Урбаните или месните заедници присуствувале 14%, на невладини собири 9%, во општинската сала 13 % од анкетираните.

**3. Анкетираните** во 74,4% мислат дека таквите контакти и посети не се прават за да се чуе нивното мислење, а спротивно мислат 25,6%.

<u>**Во вториот дел**</u> се прашува за информираноста на граѓаните за тоа кој – што нуди.
Дека се **доволно информирани што кандидатите ветуваат** за овие локални избори", 26,6% испитаници одговориле потврдно, 26% одречно, 25,4% биле малку информирани, а 22 % биле прилично информирани. Испитаниците во Новаци најмногу знаат што ветуваат партиите (70%), потоа доаѓа Ресен со 59,5%, Крушево (57,7%), па Демир Хисар (50%), Битола (47,5%), Прилеп (46%), Могила (40%), Долнени (38,2%), и Кривогаштани (36,5%).

**Ветувањата на кандидатите** од својата општина испитаниците ги чуле во 42,6 % на ТВ, 27,4% на партиски митинг, 22,7 % при непосредни средби со граѓани, на фејсбук 19,1%, во весници прочитале 14,6%, а дека никаде не чуле, ниту виделе одговориле 13,1%. И овде се гледа дека лавовски дел од информирањетого завршува **телевизијата**, а читањето весници е доста опаднато, во споредба со порано, за сметка на фејсбукот, кој добива висок значај. Во Битола најмногу се информираат преку ТВ (64,7%), исто и во потоа Новаци и Могила (60%), па во Прилеп (59,6%) и Ресен (59,5%), а најмалку овој медиум го користат во Кривогаштани (12%) и Демир Хисар (17%).
<u>На митинзи</u> најмногу оделе во Могила (60%), Демир Хисар (40,5%) и Долнени (38,2%), а најмалку во Битола (18%) и Прилеп (19,1%) од испитаниците.
<u>Партиските веб страници</u> се посетуваат најмногу во Битола (10,6%).

На програмите на кандидатите за градоначалници **им веруваат** 17%, делумно им веруваат 37%, а не им веруваат 46%. При тоа најмногу веруваат во Новаци (30%), Ресен (23%), во Прилеп (18,5%) и Битола (18%), а најмалку им веруваат во Долнени (6%) и Демир Хисар (10%). Најголема недоверба во програмите имаат во Могила (55%), Долнени (53%), па Битола (50%), Прилеп (48 %), Крушево (47,5%), Ресен (46%).

На прашањето "Дали мислите дека кандидатите ветиле она што е најважно за вашата општина", потврдно одговориле 30,1%, дека не знаат 28,3%, а дека не го ветиле најважното одговориле 41,6% испитаници, а по градови најголем процент од 44,7 има во Кривогаштани и Ресен (42,2%). Највисоките одречни одговори се во Крушево (52,5%), Битола (47,7%) и Прилеп (46%).

**На прашањето** "На што се базираат партиите, кога ги креираат програмите", лавовски дел земаат одговорите дека партиските (36,4%) и личните интереси (37,8%) се база на програмите. Дека тоа се криминалните интереси одговориле 14,1% анкетирани, желбите на граѓаните се база на програмите одговориле 14,8% испитаници. Дека постои влијание на идеолошката ориентација во програмите одговориле 6,4%, и 13,5% испитаници мислат дека советите на експертите се клучни.

Дека градоначалниците **можат да го остварат ветеното** се изјасниле 39,1% од испитаниците, а највисок резултат има во Прилеп (49,7%), Битола (43,46%), Ресен (40,3%), и Могила (40%).
Кога се анализира **заради што не можат да ги остварат ветувањата**, анкетираните мислат дека е тоа така заради тоа што премногу ветиле (51,5%) и дека политичарите не ги занима да ги остварат ветувањата (29,7%). Дека немањето доволно пари мислат 27% од анкетираните, дека причината е во недостаток на стручни лица во општините рекле18,4 % и дека немаат добри проекти 10,2%.

**Во четвртиот дел** се занимаваме со нивото на знаење на граѓаните за надлежностите на локалните самоуправи и градоначалниците.

Испитаниците мислат дека е важно кандидатот да каже што мисли да направи за **подобрување на општинската администрација** (81,3%), а само 1,7% одговориле дека општината ја нема таа надлежност.

Испитаниците мислат дека градоначалниците можат да помогнат **општината да се развива економски** (85,7%), а само 1,7% дека немаат надлежности на тоа поле.

На прашањето: "Дали градоначалниците треба **да вработуваат во општинската администрација**" имаме повеќе потврдни, отколку одречни одговори, што е чудно, со оглед дека превработеноста во локалните самоуправи е честа тема во медиумите. Оваа надлежност е секако општинска и тоа граѓаните го знаат (не знаеле само 3,5%). Испитаниците мислат дека градоначалниците требало да вработуваат повеќе во локалните самоуправи (44,3 %), наспроти 35,3% дека не треба. Во општината Новаци овој проецент е 70, наспроти 25, во Могила (55%), во Демир Хисар (50%), нешто е помал процентот во Битола (45,6), Прилеп (45,4).

Истото тоа важи и за **вработувањето во комуналните претпријатија**. Така, 68,2% одговориле потврдно, наспроти 19,3%, кои одговориле одречно. Само 1,2% згрешиле дека тоа не е локална надлежност.

81,7% веруваат дека градоначалниците треба да го подобрат снабдувањето со вода, а 5,8% мислат дека тоа не е негова надлежност.

Дека градоначалниците треба да организираат дочек на новата година се изјасниле 62,8% испитаници, а само 1% испитаници рекле дека тоа не е надлежност на општината.

**Преку трик – прашања** сакавме да го испитаме познавањето (знаењето) на надлежностите на локалната самоуправи од страна на испитаниците.
- Дали мислите дека градоначалниците имаат **голема улога во создавање нови работни места во стопанствот**", 52,8% одговориле дека имаат, 10% дека нема и 10% дека нема надлежност.
- Дали мислите дека градоначалниците имаат голема улога во **отворањето нови фирми**", 43,7 % одговориле потврдно, 25% одречно, а 15% рекле дека тоа не е нивна надлежност.
- Дека градоначалниците треба **да градат фабрики** мислат 36,2%, дека немаат таква надлежност мислат 27,7% и дека не треба да градат фабрики мислат 18,5 %.
- Само 10,8 % испитаници знаат дека градоначалниците немаат надлежност да градат **регионални патишта,** 51,8% одговориле одречно и 24,3% испитаници дале потврден одговор.
- Само 16% анкетирани одговориле дека градоначалникот нема надлежности **да вработува во стопанството**, 9,1% одговориле потврдно, а одречно (да не вработува во стопанството) 53%.
- Прашањето "Дали градоначалниците треба да вработуваат постручни инспектори во УЈП", ги збунило испитаниците, од кои само 19,5% знаеле дека УЈП не е под надлежност на општината, но сепак, за вработување на постручни инспектори се изјасниле 47,4% испитаници. Не е јасно заради што е овој процент толку висок, кога стручноста на УЈП скоро никогаш не е доведена во прашање.
- Радува фактот што голем број испитаници (31,2%) знаат дека **субвенциите во земјоделието** не се општинска работа, но сепак, имаме 43,7 % одговори дека градоначалниците треба да даваат повисоки субвенции за земјоделие.
- "За" изградба на **економски зони** се 61,3% од испитаниците, а против се само 7,3 %. Дека градоначалниците немаат таква надлежност се изјасниле само 9,6% испитаници.
- На прашањето "Дали градоначалникот треба да го подобри судството", рекордни 42% рекле дека тој нема надлежност, наспроти 34,5 %, кои мислат дека треба.
- И на прашањето "Дали градоначалниците треба да го подобрат снабдувањето со струја", 60,1% одговориле потврдно, а дека нема надлежност на тоа поле одговориле само 18,9% анкетирани.